***З А П И С Н И К***
***од 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 15.05.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска.

Од општинсккатa администрација присутни беа Мише Милошевски, Влатко Станковски, Игор Дамјановски, Катерина Огненовска, Моника Петревска и Томе Милошовски , претставник од општината беше Александра Трајковска. На седницата присутни беа вд директорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Валентина Димовска, вд директорот на ООУ„ Браќа Миладиновци“ с.Жван Николче Крстевски претставник за основните училишта Марина Давидевска, претставник од Дом на култура „Илинден“ Зоранчо Здравевски и претставник на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Цане Трајчевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 22-ра седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 година.
2.Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година (прв ребаланс).
3.Донесување на Одлука за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.
4.Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за уредување на јавна површина на ул. Маршал Тито во Демир Хисар.
5. Донесување на Одлука за одобрување на приоритетен проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар“.
6. Донесување на Одлука за кофинансирање на проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар“.
7.Донесување на Одлука за основање на Локален економско-социјален совет на Општина Демир Хисар.
8.Донесување на План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година.
9.Усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2022/2023 година.
10.Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички план вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705 во КО Журче, Општина Демир Хисар.
11.Донесување на Одлука за дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2023 година.
12.Разгледување на безбедносната состојба во основните и средното училиште во Општина Демир Хисар.
13. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред без забелешки.

***ТОЧКА 1. Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 година***

Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Во врска со извештајот објаснување имаше претставникот Влатко Станковски. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за ставките 426 програма Д0-градоначалник по барање на детска градинка за што се работи и 426 програма Е0-администрација за жалба по која основа. Раководителот Влатко Станковски објасни од програма Д0 платено е за новогодишни пакетчиња за детската градинка и од Е0 платено е за жалба за јавни набавки имаше две жалби и двете беа прифатени трошоците ги покрива општината. Сето тоа сега е во ред. Советникот Валентин Несторовски праша за програмата одржување на патишта платено е на два наврати за паркинг кај „монополот“ зошто две фактури. Раководителот Станковски објасни за истиот паркинг се работи, но имаше работено на два наврати затоа се две фактури. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на кварталниот извештај гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година (прв ребаланс)***

Измените и дополнувањето на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година (прв ребаланс) беше донесено од страна на Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За ребалансот објаснување имаше раководителот Влатко Станковски, при тоа објасни во најголем дел предлозите се зголемување на ставките за плата и надоместоци од плата за градоначалникот врз основа на зголемувањето на платите на функционерите, кај администрацијата со зголемување на минималната плата и линеарното покачување на платите и кај советот поради зголемување на просечната плата се зголемува и надоместотот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна во делот на предлог измените во Буџтетот дека ќе гласа за програмата Д0 градоначалник, за Е0 администрација и за А0 совет, но за ставките за времено вработените или ново вработените ќе биди воздржан. Потоа праша до кога имаат договор новите вработени. Раководителот Станковски објасни до месец ноември. Советникот Сашо Михајловски праша дали ова се работи за четворицата вработени. Раководителот Влатко Станковски објасни за ребалансот се зголемува кај сите вработени согласно зголемување на минималната плата и со усогласување на платите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски остана на ставот измените да се гласаат без да има зголемување кај ставката за новите вработени ако треба на друга седница пред ноември ќе се гласа за продолжување или да се стави план за вработување сега останува на предлогот. Други предлози немаше. Претседателот на Советот предлог за измените и дополнувањето на буџетот го стави на гласање. Со 11 „за“ беше донесен ребалансот изменет со предлогот од претседателот на Советот.

***ТОЧКА 3. Одлука за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Одлуката за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година беше донесена од страна на Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За одлуката објаснување имаше раководителот Влатко Станковски. Дискусија немаше. За одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за уредување на јавна површина на ул. Маршал Тито во Демир Хисар***

За Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за уредување на јавна површина на ул. Маршал Тито во Демир Хисар објаснување имаше претсатвникот Мише Милошевски. Советникот Валентин Несторовски праша кој активности се предвидуваат. Раководителот Милошевски објасни се планираископ, превоз, распоредување на тампон и поставување на бекатон плочки тоа се плочките кои се вадат од кај домот на културата. Сатанува збор за 272 м2 има понуда. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ бепе донесена одлуката.

***ТОЧКА 5. Одлука за одобрување на приоритетен проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар“***

За Одлуката за одобрување на приоритетен проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар“ објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. При тоа објасни се планира да се аплицира за изработка на техничка документација за улица во Смилево 580 м, улица во Белче 520 м, главна улица во Жван 960м и локален пат Вардино 5 км. Советничката Марина Димитријовска праша за Белче дали нема да има проблем со канализацијата. Раководителот Мише Милошевски објасни пред да се асвалтира ќе се направат приклучоци. Советникот Јордан Кромидаровски праша кога се планира да се реализира. Раководителот Мише Милошевски објасни повикот е од УНДП доделува 10 грантови 6 се за рурални општини со помалку од 25.000 жители за изработка на техничка документација за проекти. Доколку се добие средства да се изготви проект дури наредната година би се планирало нешто за реализација. Исто така општината треба да учествува со 20 % минимум, ако висината на проектот повеќе од планираниот износ општината ќе償 можи да кофинансира. Советникот Сашо Михајловски истакна надвор од точката е, но со улицата 11 Октомври кога се планираше беше спомнато да се постават легнати полицајци од самиот асфалт така трошоците ќе бидат многу помали, а ќе има голема корист. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде за поставување на „легнати полицајци “ раговаравме, но ни беше кажано дека треба проект, ако треба да донесиме одлука на Совет да се изработи проект. Претставникот Томе Милошовски објасни треба сообраќаен проект одобрен од МВР. Раководителот Милошевски додаде без проект не смее да се поставува инвеститорот ќе ги сноси последиците. Ако Советот донеси одлука тогаш градоначалникот можи да побара да се изработи проект. Дискусијата беше исцрпена. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 6. Одлука за кофинансирање на проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар“***

За Одлуката за кофинансирање на проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар“ Раководителот Мише Милошевски објасни. Немаше дискусија. Со 11 „за“ беше донесена одлукат.

***ТОЧКА 7. Одлука за основање на Локален економско-социјален совет на Општина Демир Хисар***

За Одлуката за основање на Локален економско-социјален совет на Општина Демир Хисар објаснување имаше Раководителот Игор Дамјановски. При тоа објасни неколку заинтересирани бизнисмени се заинтересирани да дадат допринос на работата на општината за поефикасно решавање на проблемите. Вакво тело за прв пат се формира. Начинот на формирање и функционирање на ова тело е замислено согласно искуството од други општини, потоа објасни како тоа ќе работи. Идејата е добра. Потоа објасни од советот треба да има двајца претставници еден од позиција еден од опозиција па добро е да се дадат предлози. Советничката Марина Димитријовска го предложи советникот Јордан Кромидаровски, а советникот Аце Јанкуловски ја предложи советничката Сандра Пејковска. Едногласно со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 8. План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Планот за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со планот објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Советникот Валентин Несторовски констатира планот е исто како и предходната година, дали се изготвува извештај што се сработило, бидејќи и предходна година беше планирано крпење на дупки на патот Загориче, но не се направи ништо тој е во катастрофална состојба. Добро е што се планира, но да се извршуваат овие работи. Претставникот Томе Милошовски објасни тој не е надлежен да дава извештај, тоа треба да го направи тој што ги извршува работите. Треба да се изврши увид што се сработило, дали некаде е постапено, додаде советникот Несторовски, додека советничката Сандра Пејковска праша кој е надлежен да врши увид. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали е исчистена депонијата кај Загориче. Советникот Валентин Несторовски објасни има повеќе работи кои се донесени од страна на советот нема извештаи дали се реализира. Треба да се има одговорност

предходна година се гласаше планот за крпење на дупките на патот Загориче не се санира ако се направи штета на возило кој ќе биди одговорен. Советничката Сандра Пејковска се согласи треба извештаи да има што е сработено. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го објасни функционирањето релација Совет-градоначалник администрација. Потоа додаде градоначалникот е одоговорен за администрацијата, советот ги носи одлуките треба да се спроведуваат, ако советот донеси одлука дека некоја улица треба да се направи, треба да се реализира и треба извештај за секоја донесена програма, план до каде е работата или повратно што се случува со одлуките кои ги носи советот. Советникот Јордан Кромидаровски објасни планот е изготвен Советот го донесува, општината плаќа, а ЈКП „Комуналец" треба да го спроведува. Во разговор со нив ми беше кажано дека базите не работат, јас му понудив цена многу пониска треба да се реализира планот. Пари имаат на располагање зошто не го реализирале планот и треба извештај што се сработило. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде требаше директорот на ЈКП „Комуналец" да биди присутен и да даде објаснување. Потоа предложи да се дополни планот со уште 50-60 метри улица во с.Журче кон црквата да се асвалтира. Исто забелешка да се спроведува планот кој го носи советот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Планот гласаа 10 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2022/2023 година***

Извештајот за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2022/2023 година беше усвоен од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Моника Петревска. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Одлука за изработка на Урбанистички план вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705 во КО Журче, Општина Демир Хисар***

Одлуката за изработка на Урбанистички план вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705 во КО Журче, Општина Демир Хисар беше донесена од комисијата за урбанизам комунални дејности и ЗЖС објасни членот на комисијата Марина Димитријовска. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Советникот Сашо Михајловски истакна да му се даде шанса на сите што сакаат да инвестираат. Дискусија повеќе немаше. За одлуката гласаа 10 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Одлука за дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2023 година***

Одлуката за дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2023 година беше донесена од Комисијата за урбанизам комунални дејности и ЗЖС објасни членот на комисијата Марина Димитријовска. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 9 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Разгледување на безбедносната состојба во основните и средното училиште во Општина Демир Хисар***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна оваа точка е на дневен ред на негова иницијатива поттикната од немилиот настан кој се случи во Србија. Целта е да се отвори дискусија на оваа тема да се согледа состојбата кај нас во училиштата. Затоа на седницата поканети беа сите директори на општинските основни училишта и средното општинско училиште. Новиот начин на живеење, користењето на мобилните телефони и достапноста на секаков вид на информации и податоци има негативно влијание врз децата, исто така проблем е и користење на мобилни телефони од страна на дел од наставниот кадар на часовите. Идејата беше да се донеси одлука со која ќе се забрани користење на мобилни телефони во текот на наставата и за наставниците и за учениците. Иако сите беа поканети да присуствуваат на седницата на Совет присутни се само вд директорите на ООУ „Гоце Делчев" Валентина Димовска и на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Николче Крстевски, другите

директори не беа заинтересирани да присуствуваат. Исто така упати забелешка зошто не беа поканети советниците за патрониот празник, Советот треба само кога треба да се изгласа нешто. Со забелешките се согласи и советничката Сандра Пејковска настаните во Србија не се далеку, социјалните мрежи имаат негативни влијанија уште пострашно е тоа што тоа дете се прикажува како „херој“ треба да се разговара на оваа тема, ова многу важно, треба да се отвори темата ако дома родителите ги контролираат децата на училиште не можат, важно е директорите да обрнат внимание дали некој деца носат недозволени предмети, што се гледа на интернет што значи интернетот и за што треба да се користи. Исто да се вклучат и стручните лица педагог да му се објасни на децата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде точката беше ставена на дневен ред од три причини и тоа прво случувањето во Србија, забрана за користење на мобилни телефони на децата во училиштата и трето наставниот кадар да не користи мобилни телефони за време на наставата. Исто така неофицијално посебно во гимназијата се случувало да се гледаат недолични содржини на интернет во училиштето. Вд директорот на ООУ “Браќа Миладиниовци“ с.Жван Николче Крстевски објасни и на училишен одбор се донесе одлука да не се користат мобилни телефони, еден период потоа има реакции, телефоните му ги купуваат родителите, контролата треба да биди и од страна на родителите. Секој родител има телефон од директорот од наставникот и за било што може да се јави, нема потреба децата да носат телефони на училиште. Секако и во училиштата треба да се работи на тоа, ако не е взаемно нема да има резултат. Ако се донеси одлуката во ред е можи да се определи место телефоните да се оставаат таму после часовите да се земаат, но мора да се разговара со родителите ова да биди прифатено и од нив. Советничката Сандра Пејковска се согласи лично како родител треба да се забрани користење на телефони во училиштата се што е во рамките на законот ќе се донесе од страна Советот, ако се носат соодвени одлуки и да важат за сите, ќе се среди и правилник треба да се изготви како ќе се спроведува одлуката, со донесување на одлуката Советот ќе го направи своето, понатаму треба сите фактори да учествуваат во спроведување на одлуката. Советничката Јасмина Јовановска исто така како родител се согласи прво родителите нетреба да му даваат телефони на децата да носат во училиште, потоа додаде овде и менталитетот на населението е таков одењето на психолог тешко се прифаќа. Вд директорот Николче Крстевски додаде активно сите ќе учествуваат во тоа ќе бидат во контакт со родителите. Советникот Валентин Несторовски посочи пример во други општини има одлука во училиштата ако се заплени телефон од ученик ќе му се врати по завршување на школската година. Во средното училиште потешко се контролира тоа. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донеси одлука со која ќе се регулира телефоните да се земаат на почетокот на часот и да се враќат по завршување на часот. Исто наставниците да ги исклучат телефоните за време на наставата. Вд директорката Валентина Димовска истакна дека во училиштата се работи посветено од страна на наставниот кадар. Се преземаат мерки и доследно се почитуваат напатствијата од МОН, сега се најавува нов правилник, вклучени се стручните служби активно работат со децата, се работи со презентации, во 363 деца можи да има поедини случаеви, но не е нешто што е опасно, сепак треба да сме подготвени. Околу користење на мобилни телефони од 2011 година има правилник и кодекс, ги обновивме сите правилници штетата се знај која е, полесно е кога има акт на кој можи да се повикаш. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде затоа и се носи одлуката да имате покритие. Советот ќе донесе одлука да не се користат мобилни телефони за време на наставата и тоа ќе важи за наставниците и за учениците. Исто да се врши проверки да не се дозволи да се внесуваат опасни предмети во училиштата. Потоа ја извести директорката во Журче се работи на ѕидот кај училиштето обезбедени се средства и материјали, но треба училиштето да даде допринос дел од техничкиот персонал вработен во училиштето да помогнат со работна рака. Вд директорката Валентина Димовска се извини за направениот пропуст за поканата на советниците. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката за начинот на користење на мобилни телефони за време на наставните часови во основните и средното училиште во Општина Демир Хисар гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 13. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците до Советот има доставено повеќе барања

Барање од ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар барање за одобрување на финансиски средства за набавка на два соларни панели за топла вода со цел намалување и заштеда на електрична енергија во детската градинка. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се одобрат 40.000 денари за набавка на панелите. Советниците едногласно со 9 „за“ го прифатија прелогот да се одобрат 40.000 денари за набавка на соларните панели.

Барање од МЗ Суводол за поставување на скелиња за сушење тутун на места кои нема да му пречат на населението.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни во селото има поставено вакви скелиња покрај патот и кај домот, поради нарушени меѓучовечки односи има пријавување не секогаш му сметаат. Советничката Сандра Пејковска додаде Советот нема надлежност има инспекциска служба во општината нека постапува.

Барање од Цане Стојковски од Битола да се ослободи од плаќање надомест за комунална услуга собирање на смет во с. Слоештица, бидејќи тој живеел во Битола, а имотот во Слоештица не бил само негов. Советникот Аце Јанкуловски предложи да се обрати до ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар во овај дел советот не е надлежен.

Барање од МЗ Единаковци барањето е комбињата кои вршат превоз на ученици да застанувaат на место каде предходно се застанувало. Претставникот Александра Трајковска ги запозна советниците за тоа треба надлежните од општинската администрација да излезат на терен и да определат нови места за постојки каде ќе застанувaат комбињата односно да се измени и дополни одлуката со која се определени сега местата на постојка. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се задолжи општинската администрација да излези на терен и да определи локации.

Барање од МЗ Зашле барањето се однесува на повеќе наведени работи кои треба да се направат за ова населено место. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни во делот за чистење на патот е постапено.

Барање од Црковен одбор во Сладуево за иконостас на црквата потребни му биле 400.000-650.000 денари.

Советникот Аце Јанкуловски истакна вакви активности има во повеќе населени места, средства се собираат на повеќе начини, ова се многу средства кои ги бараат општината не е во можност. Советничката Сандра Пејковска додаде некои општини имаат изготвено правилници по колку средства можи да се даваат и на сите подеднакво да му се доделуваат средства. Советникот Јордан Кромидаровски објасни во Смилево се правеа мозаици на манастирот и тоа кошташе 550.000 ако сите дадат допринос ќе се соберат средства треба правилник и да се определи некоја сума. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде и во Журче се правеше капела не побаравме средства, Сладуево е многу мало село со 15 домаќинства, да му одобриме околу 30.000. Советникот Аце Јанкуловски објасни градоначалникот можи материјали да му обезбеди. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде советот е тој што определува како се трошат средствата, Советот го носи буџетот Градоначалникот го извршува. Со 9 „за“ советниците се согласија да се одобрат 30.000 денари.

Барање од Николче Трајчевски

За барањето беа одобрени 10.000 денари со 9 „за“.

Барање од Љубе Митрејчевски за издавање на книга.

Во однос на барањето предходната година беа одобрени средства.

Барање од ЈУ „Психијатриска болница“ Демир Хисар за одобрување на гробни места за погребување на пациенти во градските гробишта.

За ова барање советниците одлучија да се направи средба градоначалникот, претставници од ЈКП „Комуналец“ од ЈУ „Психијатриска болница“ и советот да се разговара.

-Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците до него има доставено документација за ссостојбата во средното училиште во однос на разрешување на директор и понатамошната постапка.

Советникот Јордан Кромидаровски побара информација до каде е постапката за Смилево за мостот и ѕидот.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донеси заклучок да се направи предмер пресметка и да се санира тоа.

Советничката Сандра Пејковски праша дали се исчисти патот до Брезово.

Советникот Аце Јанкуловски додаде има барање од Вардино за патот до црвата.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде во Обедник да се направи патот до муслиманските гробишта исто и улицата да се направи проект тоа се 200-300 метри.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17- 659/1 | Совет на општина Демир Хисар
23.06 .2023 година | Претседател,
Демир Хисар | Љупчо Најдовски с.р.